

Последните десетина години на глобални ниво течат неколку процеси за дефинирање каква меѓународна помош е потребна за да се постигне ефективност на граѓанското општество (ГО). Еден од овие процеси го води Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), наречен Отворен форум за ефективноста на развојната поддршка на ГО. Досега се одржани повеќе глобални, регионални и национални консултации, а во 2010 г. се одржа и Глобалното собрание, на кое се донесени и Истанбулските принципи за ефективност на развојната поддршка на ГО. Дополнително е договорено и да се дискутира за дејствувањето на ГО во ситуации на конфликт, процес кој го води Цивикус-Светската мрежа за граѓанско учество. За таа цел беа организирани две национални консултации во Зимбабве и во Филипини, како и една регионална консултација за Балканот.

**Општа цел на проектот** беше овозможувачка околина за ефективно функционирање на граѓанските организации.

**Цел на проектот** беше подобрена соработка помеѓу граѓанските организации за прашања од заеднички интерес.

**Целна група на проектот** беа граѓанските организации и донаторите. Директни корисници беа граѓанските организации и нивните мрежи. Целното подрачје беа земјите од Западен Балкан, а локацијата на спроведување на проектот беше Скопје.

Постигнати резултати од проектот се: Подготвени препораки за насоки, механизми и показатели за поддршка на ГО во ситуации на конфликт засновани на Истанбулските принципи.

**Проектот се спроведе преку следните активности:**

а) **Регионална тематска консултација**: На работилницата присуствуваа 23 учесници на граѓански организации кои имаат искуство со работа во ситуации на конфликт од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Србија, Хрватска и Црна Гора. Работилницата беше дводневна, каде првиот ден беше презентација на Отворениот форум и пленарна расправа,  а вториот ден имаше практичен дел кој им овозможи на учесниците да ги споделат своите искуства и да дискутираат со останатите учеснинци од други држави. Во дводневната работа учесниците успеаја да:

- идентификуваат и приоритизираат заеднички принципи за ефективноста на развојната помош за ГО во ситуации на конфликт;
- идентификуваат заеднички препораки до владите и донаторите за минималните услови за овозможувачка околина, кои се неопходни за ефективна работа на ГО во ситуации на конфликт;
- дефинираат препораки за насоки, механизми и показатели за да им помогнат на ГО да ја измерат ефективноста на нивната работа во ситуации на конфликт.

Работилницата се одржа на 28 февруари и 1 март 2011 г. во х. Холидеј ин во Скопје. МЦМС беше одговорен за организација и фасилитација на работилницата. БЦСДН беше одговорен за координација на регионалното учество.

**Периодот на спроведување** беше од 15 февруари до 29 април 2011 г .

Цивикус, МЦМС и БЦСДН беа одговорни за спроведување на проектот.

Одговорна за проектот беше  Даниела Стојанова , одговорен соработник за програмата,

а во спроведувањето на активностите беа вклучени повеќе соработници.

**Директните трошоци** за проектот изнесуваат вкупно 594.435 денари.

Извршно резиме од проектот.